# FOREVER

MACEDONIA

Март 2017 | Број 185



# Тајната на успехот

**Обожавам да работам со прекрасните пријатели во Форевер – без разлика дали се вработени во нашите канцеларии ширум светот, директори, сопственици на Форевер бизнис или членови на Глобалниот лидерски тим. Многу ги ценам овие важни и моќни взаемни односи, бидејќи придонесоа нашата компанија да се оформи таква, каква што е денес.**

Неодамна во централната канцеларија на Форевер во Аризона имавме неколкудневни средби со нашиот Извршен глобален лидерски тим. Ролф и Доминик, Џон и Џејн, Беки и Габи нѝ помогнаа да донесеме некои одлуки и ни дадоа совети во однос на нашите планови за иднината.

Фантастично е да имаме можност да го слушнеме мислењето и идеите на најдобрите градители на мрежи во светот не само во нашата компанија, туку и во целата наша индустрија. Како што веќе кажав, високо ги цениме овие взаемни односи и сме им благодарни за примерот и за нивната желба да одделат од нивното време и талентот. Форевер е единствена во тој однос, верувајте ми! Сите наши лидери се исклучително посветени на иднината на Форевер и начинот на кој работиме.

За време на нашите разговори, сè повеќе се убедивме дека и покрај тоа што одлично се справуваме и поставуваме нови рекорди низ целиот свет, има уште толку многу да се направи. Графиконите се тесни за потенцијалот на Форевер и ние, сите ние, треба да сфатиме дека едвај сме допреле до мала честичка од сè што е можно да постигнеме на светскиот пазар. Имаме исклучително дарежлив и праведен маркетинг план и докажани чисти и ефикасни производи. Не гледам причина зошто секое домаќинство ширум светот да нема корист од нивната употреба. Кога ќе погледнете така на работите, разбирате уште колку многу работа имаме!

Многумина од оние што се вклучуваат во бизнисот го бараат клучот кон успехот. Зборуваат со нашите лидери, учествуваат и ги гледаат сите обуки до кои можат да дојдат, за да се обидат да го откријат она ЕДИНСТВЕНО нешто кое ќе им го гарантира успехот. Која е тајната? Мислам дека повеќето од вас веќе разбрале дека тајна нема.

Всушност нашите најуспешни лидери и оние кои брзо изградиле голем, стабилен бизнис, тоа го постигнале преку копирање на истите основни дејства кои ги претставуваме на секој нов сопственик на Форевер бизнис од самиот почеток. Продавајте ги производите. Претворете се во производ на производите. Спонзорирајте по двајца нови луѓе месечно и учете ги да го прават истото. И така натаму, и така натаму. Не е сложено. Всушност едно од најубавите нешта во нашиот бизнис е токму таа едноставност. Но овие едноставни нешта треба да се прават ПОСТОЈАНО.

Минатиот месец седев до Рекс за време на Форевер доживувањето, како што ја нарекуваме обиколката и обуките во централната канцеларија во Скотсдејл, и тој се наведна кон мене и рече: „Денес сум возбуден исто толку, колку и пред 40 години, кога го започнувавме бизнисот!“ 100% сум согласен. Во моментот нашиот потенцијал за раст е неверојатен!

Искрено верувам (и нашите лидери во цел свет исто се согласни), дека со посветеност, упорност и последователни активности можеме да го удвоиме нашиот бизнис.

Со нетрпение очекувам да ве видам во Дубаи!

Не запирајте да се смеете,



**Gregg Maughan**

Претседател на Форевер Ливинг Продактс



# Ослободување од минатото

Ако е „генијално да го упростиш сложеното“, значи бабунот Рафики е гениј. Повеќето од вас го гледале „Царот лав“ и ќе се сетат на Рафики, кој талка од време на време, за да ги сподели мудроста и своите видувања со секој што има желба да го слуша. Во една од сцените Симба се жалеше дека промената е тешка и дека многу долго бега од своето минато.

Рамнодушниот Рафики го удира со прачка по главата.

- Ох, зошто го правиш тоа? – го прашува Симба.

- Не е важно – минало, заминало – одговара Рафики.

- Да, ама уште ме боли!

- Минатото може да е болно. Но според мое мислење можеш или да бегаш од него, или да учиш од него.

Минатото е одлична лекција, толку многу можеме да научиме од своите искуства. Сите имаме прекрасни спомени, кои нѐ исполнуваат со оптимизам и надеж. Но зад себе имаме и многу грешки и пропусти кои нѐ исполнуваат со страв и сомнежи. Треба да сме внимателни и да не дозволуваме минатите неуспеси да им пречат на идните победи.

Знам дека не е лесно. Емоциите од добрите моменти често ни се чинат минливи и премногу кревки, за да бидат уловени. Но за миг сакам да помислите за планинскиот туризам – пеш или со велосипед. Принципот е ист. Добро ги помнам искачувањата. Тие нѝ одземаат повеќе време и бараат поголем напор, додека возбудливите спуштања се случуваат толку брзо, што е тешко да си припомниме.

Но ако размислите, изминатото растојание нагоре е сосема истото како тоа надолу. Според мене и во животот е истото. Ако имавме како да ги измериме убавите и лошите моменти, сигурен сум дека вагата ќе се наклони во корист на убавите. Не дозволувајте силниот глас на сомнежот да ја заглуши надежта, присутна во сите нас.

Значи, ако чувствувате неподготвеност и страв додека го градите бизнисот и ја оставате својата трага, или ако ви недостига самодоверба заради краток одамна одминат миг – сетете се за Рафики и удрете сами по главата.

И не заборавајте... „нема значење – минало, заминало!“

Засекогаш Ваш,

**Rex Maughan**






# Forever Lycium Plus

# Форевер лициум плус

## ОПИС И СВОЈСТВА

Со илјадници години азиските народи ги користат плодовите на Lycium barbarum и билката ликорица, за да го одржуваат доброто здравје. Форевер лициум плус е додаток во исхраната – извор на антиоксиданти, биофлавоноиди и други корисни фитонутриенти. Плодот на лициумот кој е повеќе познат како гоџи бери, потекнува од Кина, каде се користи со векови. Богат со аминокиселини и витамини, лициумот е познат како „ин“ тоник. Докажано е дека ги подобрува видот и тенот, ги потхранува црниот дроб и бубрезите и има својство да го зајакнува организмот и да го забавува процесот на стареење.

Се смета дека билката ликорица, наречена уште и сладок корен, е најупотребуваната билка во кинеската медицина. Таа содржи над 150 хемиски соединенија со благотворно влијание при воспаленија, треска, рани, чир, болки во грлото и кашлица. Иако често се користи самостојно, значително почесто се употребува како дополнителна билка во многу рецепти, а нејзината главна функција е да го зајакне дејството на другите билки. Одличен сопатник е и на лициумот.

Флавоноидниот екстракт од ликорицата претставува концентрирана форма на биофлавоноиди. Се произведува по патентиран процес, при што се отстранува поголем дел од глициризинот – многу слатка компонента на ликорицата со несакани странични ефекти. Според современите истражувања, биофлавоноидите на ликорицата се едни од најмоќните антиоксиданти.




## СОСТАВ

Екстракт од плодот на Lycium barbarum (прав) 300 мг

Екстракт на флавоноиди од ликорица 37.5 мг

Микрокристална целулоза, целулоза, кроскармелозен натриум, стеаринска киселина, магнезиум стеарат, силициум диоксид, декстрин, декстроза, средноверижни триглицериди, натриум цитрат.

## ПРЕПОРАЧАНА УПОТРЕБА

По една таблета три пати на ден.

- Добар извор на фитонутриенти.
- Моќен антиоксидант.
- Силен тоник.

# Успешен бизнис се гради со луѓе



Почитувани сопственици на Форевер бизнис, драги пријатели,

Нема човек кој одлучил да го промени својот живот преку можноста да изгради сопствен бизнис со Форевер и кој не сака да ја открие „тајната“ како да постигне големи и трајни успеси. Не се малкумина и тие што го очекуваат „чудото“ кое ќе ги направи богати, ако го користат системот на мрежниот маркетинг, но по можност само така, меѓу другото.

За целта редовно се посетуваат обуки и „мотивациони“ средби на спонзорите или нивните повисоки спонзори, се читаат книги, се гледаат филмови, се плаќаат енормни суми за посетување на семинарот на уште еден по ред светски „гуру“ во мотивацијата или продажбите, кој всушност станал богат единствено и само раскажувајќи самоуверено и впечатливо на публиката како да стане богата, но штом по неколку дена ентузијазмот и емоциите ќе спласнат, работите продолжуваат по старо, како и до сега.

Или се вложува целиот физички и творечки капацитет, за да се измисли начин да се „изигра“ или „излаже“ системот.

Дали ви звучи познато? Ако не за вас лично, тогаш за мнозина околу вас?

Ние сме повеќе од 15 години во оваа индустрија и можеме да ви ја издадеме „тајната“. Дали сте подготвени да ја прочитате?

„Тајната“ е дека всушност таква не постои! Верувајте! Никој нема да ви покаже пократок и полесен пат од тој што ќе го најдете во прирачникот „Први чекори до Менаџер“ и обуките на компанијата. Ако ги сумираме најважните сфаќања и активности потребни за успех, би можеле да стигнеме и до вистинската „тајна“ за негово постигнување:

- подготвеност да излезете од зоната на комфор и да започнете да правите СЕ што е потребно, за да го развивате бизнисот со потребното темпо, со издржливост во времето и без да се откажете;
- безусловно разбирање на фактот дека успешен бизнис со Форевер се гради со мрежа од ЛУЃЕ, со кои треба да се поврземе, да ги поканиме и да им претставиме кои сме ние, што правиме и како го правиме.

И како потврда на ова, да споделиме како започнува една од последните пораки на најуспешниот сопственик на Форевер бизнис – Ролф Кип од Германија, кон соработниците од неговите тимови:

„Пријатели на Форевер,

Ние сме во бизнисот на состаноците и презентациите!

И само оние кои организираат или посетуваат редовно средби и презентации, водејќи со себе НОВИ луѓе, имаат шанса за успех со Форевер!“

Да, многу е важно да присуствуваме на настаните и презентациите организирани од компанијата, но присуството само по себе нема да промени ништо. Тие што се стремат кон растечки и успешен бизнис е убаво да запомнат дека суштинската работа се врши ПРЕД настаните и се состои од тоа да направиме сè што е потребно за да водиме НОВИ гости на нив. Тоа е суштината на овој бизнис и неговата нај неразбрана „тајна“.

Со љубов и секогаш со Вас,



**Стефан и Тања Стаеви**

# Алое шејв за копринено глатко бричење

**Фантастичен гел за бричење со висока содржина на алое за идеално глатка и негувана кожа.**

Секое утро се грижиме за телото и личната хигиена и сакаме со самодоверба да го пречекориме прагот, подготвени да се справиме со предизвиците на денот. Кога ги користиме омилените производи, треба да сме сигурни дека на најдобар начин се одразуваат на нашето тело. Како специјалисти за алое вера одлично знаеме дека алоето е најдобрата состојка за смирување и заштита на кожата при надразнувачкиот процес на бричењето.

Без конзерванси, парабени и алкохол, АЛОЕ ШЕЈВ ќе ве искушува дури и само да се насапуните со него, заради одличното чувство кое го создава. Алоето ѝ дава влага на кожата, ја омекнува, ја прави поглатка и истовремено создава заштитен слој меѓу неа и остриот жилет. Ако досега сте го чувствувале секојдневното бричење како непријатна обврска, од денес тоа може да стане уште еден начин да изгледате и да се чувствувате подобро!

Пакoвката на АЛОЕ ШЕЈВ е направена по најнова патентирана технологија и е целосно пластична, што ја прави поеколошка. Без додатоци за истиснување, без метални делови и излишни отпадоци. Така имате уште еден повод да се чувствувате одлично што го користите производот секој ден!




**515** | Aloe Shave








# Forever Garlic-Thyme

## Лук и мајчина душица

### ОПИС И СВОЈСТВА

Употребата на лукот и мајчинатa душица датира од пред илјадници години. На египетски папирус од 1500 г. п.н.е. се наведени 22 рецепти со лук при проблеми со главоболки, болки во грлото и физичка истоштеност. Првите докази за својствата на лукот се од 1858 год., кога Луј Пастер открива дека лукот ги уништува штетните бактерии.

Лукот е сложено растение. Главната активна состојка на суровиот лук е алисинот. Тој му го дава на лукот карактеристичниот остар мирис. Алисинот е многу силен антибактериски агенс, кој навлегува во циркулаторниот систем и ги дезинфицира белите дробови, внатрешните органи и кожата. Алисинот е и основната активна состојка во додатокот Forever Garlic-Thyme. Други активни состојки на лукот се ажоен кој спречува засирување на крвта, и лецитин кој помага за отстранување на масни наслаги како холестеролот и помага во претворањето на мастите во енергија. Сулфурните соединенија во лукот му даваат ефективност при многу проблеми, вклучително грип и кандида албиканс. Тие исто така му помагаат на лукот да го заштити организмот од слободните радикали и го претвораат во моќен антиоксидант. Во составот на лукот влегуваат и германиумот – минерален микроелемент за кој се смета дека го поддржува имунолошкиот систем на организмот, и селен – минерален антиоксидантен микроелемент.

Мајчината душица ги содржи сапонините: танин, фенол и тимол – антибактериски и антигабични материи кои ублажуваат бронхитис, го смируваат дигестивниот систем и се моќни антиоксиданти.

Присуството на калиум, калциум, магнезиум, витамини B и C исто придонесува за благотворното влијание на Forever Garlic-Thyme.

### СОСТАВ

Концентрат од масло од лук (10 мг се еднакви на 1000 мг свежи чешниња лук)

Мајчина душица (50 мг листови во прав).

Масло од репа, желатин, глицерин, лецитин, пчелен восок, дестилирана вода, екстракт од рогач.

### ПРЕПОРАЧАНА УПОТРЕБА

По една гел капсула два пати дневно со храна.

- Моќен антиоксидант.
- Капсули без мирис.
- Придонесува за претворањето на мастите во енергија.

## Важна промена!

Форевер Македонија ќе направи уште еден чекор во еколошкиот ангажман на компанијата и ова месечно списание ќе биде последното кое ќе го добиете во плик по пошта. Од 1 април 2017 год. ќе ви го испраќаме списанието со вашата прва порачка во месецот.

Информативните месечни извештаи кои ги добивавте заедно со списанието, во иднина ќе ги добивате по електронска пошта. Не пропуштајте да нè информирате за вашата актуелна e-mail адреса, за да сте сигурни дека редовно ќе добивате извештаи.

Годишната потврда за остварени приходи, лична копија од молбата за регистрација, како и други документи на хартија, ќе продолжиме да ви испраќаме периодично по пошта, затоа е важно и вашата поштенска адреса кај нас да е точна.

Сите промени во вашите лични податоци можете да ни ги испраќате по имеил на flp@t-home.mk

# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА ФЕВРУАРИ 2017 ГОДИНА

## Клуб 4 – прво ниво




Александра Ѓорѓевиќ

## Клуб 4 – второ ниво




Др. Емел Даути Јахја
Др.Гордана Николиќ

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ

Ангелова Александра - Кочани
Апостоловски Ѓорѓи – Кочани
Азизи Валбона - Гостивар
Бошкова Ана – Скопје
Божинова Даниела – Неготино
Величковски Милчо – Кочани
Граматикова Ленче – Штип
Димитриоски Тони – Скопје
Додевска Мери – Куманово
Каровска Павлова Марина – Кавадарци
Костиќ Пера – Врање
Лонгуров Никола – Штип
Миленковска Љубица – Скопје
Минова Даниела – Кочани
Митковска Лилјана – Скопје
Николова Марина – Кочани
Петрушевска Јадранка – Неготино
Салиу Агјул – Скопје
Саздов Зоран- Штип
Станојевска Катерина – Штип
Стефановиќ Владимир – Лесковац
Стоилковска Билјана – Куманово
Стојческа Даниела – Скопје
Стрезовска Александра – Скопје
Тодоров Ивана – Скопје
Тошева Вера – Скопје
Трпеска Попоска др.Лидија – Скопје
Црнеска Хилда – Прилеп
Цветкова Маја - Неготино

## ТОП 10

### ВКУПЕН ОБЕМ

1. Др.Снежана Контра
2. Славица Донакова
3. Др.Роза Гелевска
4. Вера Златковска
5. Слафко Михајловски
6. Блага Крстеска
7. Катерина Трајчевска
8. Игор Николиќ
9. Младен Димовски
10. Жарко Георгиевски

### НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ

1. Др.Снежана Контра
2. Игор Николиќ
3. Вера Златковска
4. Др.Роза Гелевска
5. Славица Донакова
6. Жарко Георгиевски
7. Стевица Димовска
8. Младен Димовски
9. Слафко Михајловски
10. Цонка Димитрова

## ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ФОРЕВЕР

**Скопје**
06.03.2017
понеделник
хотел „Порта"
почеток 18 часот

**Св.Николе**
14.03.2017
вторник
Славјански Универзитет
почеток 19 часот

**Штип**
20.03.2017
понеделник
хотел „Оаза"
почеток 19 часот




## facebook

**Следете ја официјалната фејсбук страница**
**Forever Living Products Macedonia**
**за да бидете во тек со сите новини, промоции, обуки и претставувања кои ги организираме.**

Like

**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; e-mail:flp@t-home.mk

Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.

## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**
- онлајн преку линкот http://flp.bg/mac/order/
- доколку не сте во можност да порачате онлајн, можете телефонски на 02 2465846 секој работен ден од 9 до 19 часот. Порачките кои се примени до 14 часот се испраќаат од канцеларијата на Форевер истиот работен ден. Вие ја добивате порачката на домашна адреса во рок од 24 часа и ја плаќате на доставувачот.